РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1214/5

17-06-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 6-та седница одржана на ден 10.06.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-1214/1, оформен по пријава во која се изнесени наводи против директорот на ЈЗУ „Општа болница" во ----------- за преземени незаконити дејствија за време на парламентарните и претседателските избори 2024, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување, поради тоа што не се потврдуват наводите од пријавата.

Предметот со број 12-1214/1 од 22.03..2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

ДКСК оформи предмет врз основа на пријава поднесена од познат подносител на 21.03.2024 година, во која се изнесени сомневања против директорот на ЈЗУ „Општа болница" во ------------, ----------- ----------, за преземени незаконити дејствија за време на парламентарните и претседателските избори 2024 со тоа што истиот по распишување на изборите, донел решенија за распоредување на здравствени работници, извршил кадровски промени на раководни места во одделението за гинекологија, исто така повел дисциплински постапки против одредени вработени во болницата, како и спровел јавна набавка за уредување на интерното одделение на болницата.

Заради утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, Државната комисија побара од ЈЗУ „Општа Болница" -----------, да достави информација и соодветна документација по конкретните наводи од пријавата:

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

- Информации дали по распишување на изборите директорот извршил распоредување на вработени во ЈЗУ „Општа Болница" во ----------- доколку има, да се доставаат копија од решенијата за распоредување на вработени во ЈЗУ„Општа Болница" во -----------,
- Информации дали по распишување на изборите спровел постапка за јавна набавка
- Дали се поведени дисциплински постапки кон вработените во ЈЗУ „Општа Болница" во ----------- и каков е нивниот моментален статус.

На 19.04.2024 година ЈЗУ „Општа Болница" ----------- достави одговор на барање за доставување на податоци, каде е наведено дека не се точни наводите од пријавата и дадено е образложение како што следува: По распишување на претседателските и парламентарните избори 2024, директорот ------ --------- не извел никакви кадровски промени. Разрешувањето на вработената ----------- ----------- од работното место раководител на одделение за гинекологија и акушерство со поснатално згрижување и распоредување на истата на работното место доктор на медицина специјалист-акушер-гинеколог се извршил пред распишување на изборите. Истото ДКСК го утврди при вршење увид во Решението за стекнување статус на работно место давател на јавни услуги во јавни установи со бр.------------ од 01.11.2023 година, кое што е доставена во прилог на одговорот.
Што се однесува на наводите од пријавата за спроведување на постапка за јавна набавка по распишување на изборите, ЈЗУ „Општа Болница" ----------- укажува дека се работи за клевета од страна на подносителот на пријавата и потврдуват дека им се во тек две постапки за јавни набавки, едната за набавување на медицинска опрема и другата набавка за внатрешно реновирање на болничките соби и тоалети, кои им се планирани со Годишниот план за јавни набвки во 2024 година конкретно под точки со ред.бр.23 и ред.бр.10. Годишниот план за јавни набавки за 2024 година е усвоен со Одлука од Управниот Одбор на ЈЗУ „Општа Болница" -----------. ДКСК изврши увид во доставената Одлука за усвојување на Годишниот План за јавни набавки за 2024 и утврди дека се точни доставените информации во одговорот и констатира дека не се точни наводите од пријавата.
Што се однесува на наводите од пријавата за спроведување на дисиплинска постапка против вработен, ЈЗУ „Општа Болница" ----------- ги потврдува наводите од пријавата и се произнесуваат дека во период по 14.02.2024 година издадено е само едно Решение бр.------------- од 20.03.2024 година, за изрекување на дисциплинска мерка поради дисциплинска неуреденост по член 72 став 1 од Законот за административни службеници, што ДКСК го утврди при вршење увид во Решението за изрекување на дисциплинска мерка со бр.------------ од 20.03.2024 година, кое што се достави во прилог на одговорот од ЈЗУ „Општа Болница" -----------.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај од причина што не се потврдуваат наводите од пријавата и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил: Ф.Ј.,советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител
Одобрил: Б.Ц., член на ДКСК

Доставено до:
-подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk